

ИЗДАНИЕ БР.29, МЕСЕЦ
МАРТ И АПРИЛ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ЗНАЧИТЕЛНО ЗГОЛЕМЕНИ. СЕКОЈДНЕВНО СЕ РАБОТИ НА ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НО И ОДРЖУВАЊЕ НА ИСТИТЕ. ЗА ЧИСТОТАТА И УБАВИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ТРЕБА СИТЕ ОДГОВОРНО ДА СЕ ГРИЖИМЕ.

ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ ДОНИРАШЕ КОМПЛЕТЕН СИСТЕМ ЗА ЦЕНТРАЛЕН ДОВОД НА КИСЛОРОД ДО СЕКОЈ КРЕВЕТ ВО МОДУЛАРНАТА КОВИД БОЛНИЦА ВО СКЛОП НА ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ КАВАДАРЦИ. СИСТЕМОТ Е ПОВРЗАНА СО ЛИНИИ ЗА ЦЕНТРАЛЕН ДОТОК НА КИСЛОРОД СО ШТО СЕ ОЛЕСНУВА РАБОТАТА НА МЕДИЦИНСКИОТ ПЕРСОНАЛ И БЕЗБЕДНОСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА ПАЦИЕНТИТЕ. НАБАВКАТА И МОНТАЖАТА НА ЦЕЛОКУПНИОТ СИСТЕМОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН ДОВОД НА КИСЛОРОД Е ВО ВРЕДНОСТ ОД 1,5 МИЛИОН ДЕНАРИ, СРЕДСТВА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ФОНДАЦИЈАТА НИКОЛА ЈАНЧЕВ И КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОД СТРАНА НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ Е ДОНИРАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ. ДОНАЦИЈАТА ВКЛУЧУВА: ЕДЕН СЕТ ВОЗДУШНИ ПЕРНИЦИ ЗА КРЕВАЊЕ НА ТЕРЕТ,ЕДЕН СЕТ ХИДРАУЛИЧНИ ПОТПИРАЧИ ЗА СТАБИЛИЗИРАЊЕ НА ТЕШКИ И ЛЕСНИ ВОЗИЛА, КАКО И ЗА СТАБИЛИЗИРАЊЕ НА УРНАТИНИ ОД ЗЕМЈОТРЕС. ГОЛЕМА БЛАГОДРАНОСТ ДО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ОВАА ДОНАЦИЈА. СО ОВАА ОПРЕМА НАШАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА, КОЈА Е ЕДНА ОД НАЈДОБРО ОПРЕМЕНИТЕ ВО ДРЖАВАТА, ГИ ЗГОЛЕМУВА СВОИТЕ МОЖНОСТИ ДА ИМ БИДЕ ВО КОРИСТ НА ГРАЃАНИТЕ НА НАШАТА ОПШТИНА.

ПРИМОПРЕДАВАЊЕТО НА ДОНАЦИЈАТА ГО НАПРАВИЈА ЗАМЕНИК ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ Г-ДИН ЗУЛФИКАР ЗЕЈНУЛАИ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА РЕНАЛНА ПОДДРШКА ОДРЖА ТРИБИНА
СВЕТСКИОТ ДЕН НА БУБРЕГОТ И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ОРГАНО ДАРИТЕЛСТВО
ГЛАВНИ ТЕМИ НА ТРИБИНАТА

ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА РЕНАЛНА ПОДДРШКА ЈА ПРОМОВИРАШЕ И ИДЕАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА ЗА ОРГАНО ДАРИТЕЛСТВОТО. ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ВОВЕДНИОТ ЗБОР ДАДЕ НЕСЕБИЧНА ПОДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПО ШТО ЗА САМОТО ЗДРУЖЕНИЕ И АКТИВНОСТИТЕ ГОВОРЕШЕ ЕДЕН ОД ОСНОВАЧИТЕ И ПОДПРЕТСЕДАТЕЛ ДАРКО МИТКОВ.КОГА БУБРЕГОТ Е ВО ПРАШАЊЕ ОД МЕДИЦИНСКИ АСПЕКТ ГОВОРЕШЕ Д-Р АНТОАН ПАРАКЕОВ ДОДЕКА ОД ПРАВЕН АСПЕКТ, ОД ЗАКОНСКА ГЛЕДНА ТОЧКА ЗА ОРГАНО ДАРИТЕЛСТВОТО ГОВОРЕШЕ АДВОКАТ ЕМИЛИЈА ШКАРТОВА ПЛЕТВАРСКА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖИ СО ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ГРАДСКИОТ ЗЕЛЕН ПАЗАР. СОГЛАСНО ДИНАМИКАТА НА РАБОТА ЗАПОЧНА ДУПЧЕЊЕТО НА НУЛТОТО НИВО КАДЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТАВАТ 64 АРМИРАНО БЕТОНСКИ КОЛЦИ. ОВИЕ КОЛЦИ СЕ ВГРАДУВААТ ВО ЗЕМЈАТА, А ИМААТ ЗА ЦЕЛ ДА ГО СТАБИЛИЗИРААТ ЗЕМЈИШТЕТО И ДА СПРЕЧАТ ОШТЕТУВАЊЕ НА ТЕМЕЛИТЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ОКОЛНИ ОБЈЕКТИ. СЕКОЈ АРМИРАНО БЕТОНСКИ КОЛЕЦ Е СО ВИСОЧИНА ОД 10 МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ", А ПРОЕКТОТ ЗА СОВРЕМЕН ПОКРИЕН ПАЗАР Е ИЗРАБОТЕН ОД АРХИТЕКТОНСКОТО БИРО „ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖИНЕРИНГ" ОД КАВАДАРЦИ. ОПШТИНАТА НА СТАРАТА ЛОКАЦИЈА ЌЕ ГРАДИ ПАЗАР ВО ДВЕ НИВОА ЗА ПАРКИРАЊЕ И ЕДНО НИВО ЗА ПРОДАЖБА НА СВЕЖИ ЗЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ КОИ БАРААТ ПОСЕБНИ УСЛОВИ.

ВО ФУНКЦИОНАЛНА СМИСЛА ОБЈЕКТОТ ЈА ЗАДРЖУВА СВОЈАТА ПОСТОЈНА НАМЕНА КОЈА СЕ ЗБОГАТУВА СО ДОПОЛНИТЕЛНИ СОДРЖИНИ.

ТРИТЕ НИВОА МЕЃУСЕБЕ СЕ ПОВРЗАНИ ПРЕКУ ВЕРТИКАЛНИ КОМУНИКАЦИИ: СКАЛНИЦИ, ТОВАРЕН ЛИФТ ЗА ДОСТАВА НА РОБА И ПОМАЛ ЛИФТ ЗА ЛУЃЕ. КОНСТРУКЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ Е КОМБИНАЦИЈА ОД БЕТОН И ЧЕЛИК.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТОТ ЌЕ ИНВЕСТИРА 102.616.159 ДЕНАРИ.

ВО ВРЕМЕТО НА ИЗГРАДБА НА НОВИОТ ПАЗАР, НЕГОВАТА ФУНКЦИЈА ЌЕ ЈА ОБАВУВА ПАЗАРОТ НА ЛОКАЦИЈАТА НА БУЛЕВАРОТ „НИКОЛА МИНЧЕВ".

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ЕКИПА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ И НЕИСПРАВНИ ЛАМБИ ВО СЕЛАТА ФАРИШ И РАЕЦ. ВО ДВЕТЕ СЕЛА БЕА ОТСТРАНЕТИ ДЕФЕКТИТЕ И ПОСТАВЕНИ НОВИ ЕКОЛОШКИ ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ СО ЈАЧИНА ОД 30W.
ПРИТОА ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНАТА СЛУЖБА ВО ОПШТИНАТА БЕШЕ ИЗВРШЕН И УВИД ВО ИСПРАВНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ИСТАТА АКТИВНОСТ ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО ОСТАНАТИТЕ СЕЛА ВО НИЗИНСКИОТ ДЕЛ ОД ОПШТИНАТА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ИНСТАЛИРАШЕ 18 НОВИ ИНВЕРТЕР КЛИМА УРЕДИ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ“ ВО ВАТАША. КЛИМА УРЕДИТЕ СЕ ДОБИЕНИ ОД ВЛАДА НА РСМ ВРЗ ОСНОВА НА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ВО ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТ ЗА 2020 ГОДИНА.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ДИРЕКТНО СЕ ИНВЕСТИРА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИОТ КАДАР И ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО.
ОЧЕКУВАНИОТ ЕФЕКТ ОД ОВАА ИНВЕСТИЦИЈА Е НАМАЛУВАЊЕТО НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВО ГРАДОТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП„НАЦИОНАЛНИ ШУМИ„ ВО СОРАБОТКА СО ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЈП КОМУНАЛЕЦ И PROCREDIT BANK MACEDONIA РЕАЛИЗИРАШЕ ПОШУМУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА СО КОЈА СТОПАНИСУВА ПШС„БОР„ КАВАДАРЦИ, ПОД МОТОТО „СЕ ГРИЖАМ, ДЕЛУВАМ, МЕНУВАМ„ .

ПОШУМУВАЊЕТО СЕ ВРШИ СО САДНИЦИ ОД ДРВНИОТ ВИД CUPRESSUS ARIZONICA-АРИЗОНСКИ ЧЕМПРЕС КОНТЕЈНЕРСКО ПРОИЗВОДСТВО 2+0. ПРЕДВИДЕНО Е ДА СЕ ЗАСАДАТ 2.895 САДНИЦИ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ЈП„КОМУНАЛЕЦ" РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА РАЦИОНАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ ОД ГРАДСКИТЕ ЧЕШМИ.

ВО ТЕК Е АКЦИЈА НА НАДЛЕЖНИТЕ ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА НОЖНИ ВЕНТИЛИ СО КОИ СЕ АКТИВИРА ПРОТОКОТ НА ВОДАТА ВО ЈАВНИТЕ ЧЕШМИ. СО ОВОЈ ЗАФАТ ЌЕ СЕ ПОДОБРИ ФУНЦИОНИРАЊЕТО НА ЧЕШМИТЕ, И ЌЕ ЗАПРЕ ПРЕКУМЕРНОТО И НЕПОТРЕБНИ ИСТЕКУВАЊЕ И ТРОШЕЊЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.

ДОСЕГА ВАКВИ ВЕНТИЛИ СЕ ВГРАДЕНИ ВО ЧЕШМИТЕ: КАЈ ПРОТИВПОЖАРНИОТ ДОМ, ПРЕД„НЛБ" БАНКА НА УЛ.„ИЛИНДЕНСКА", КАЈ ПАРК„ПОЛАНА", ПРЕД ДТВ„ПАРТИЗАН", ВО ЧЕШМАТА НА УЛ.„КИРО КРСТЕВ" КАЈ„ИНЕЛ"" И НА УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ" ПРЕД ПОРАНЕШНА „ТАСКА".

АКЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД КОГА СЕ ПРЕДВИДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОЖНИ ВЕНТИЛИ И ВО ОСТАНАТИТЕ ЈАВНИ ГРАДСКИ ЧЕШМИ.

ВО КАВАДАРЦИ ИМА ПОСТАВЕНО ОКОЛУ 25 ЧЕШМИ НА ЈАВНА ПОВРШИНА, ЧИЈА ВОДА ГРАЃАНИТЕ ЈА КОРИСТАТ ЗА ПИЕЊЕ И ОСВЕЖУВАЊЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН ПРОЕКТ ОД КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА. ВО УЗ„СЛОГА“ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ ОД УЛИЦИТЕ:„БЕЛАСИЦА“,„АВАЛА“,„ПРЕСПА“, КАКО И НА КРАЦИ ОД УЛ.„БРАЌА ЏУНОВИ“.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ БЕШЕ ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ, ЧИЈА ОПЕРАТИВА ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈАНУАРИ ДО МАРТ ОВАА ГОДИНА ПОПЛОЧИ ПОВРШИНА ОД 2400 МЕТРИ КВАДРАТНИ.

ПРОЕКТОТ Е ПОГОЛЕМА ЈАВНА НАБАВКА НА ОПШТИНАТА СО КОЈ СЕ ОБНОВИЈА ДЕЛ ОД СТАРИТЕ И СЕ ИЗГРАДИЈА НОВИ ТРОТОАРИ НА СПОМЕНАТИТЕ УЛИЦИ. ЦЕЛОКУПНАТА ПОВРШИНА БЕШЕ ПОКРИЕНА СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ (БЕХАТОН КОЦКИ).

ПОПЛОЧУВАЊЕТО Е РЕАЛИЗИРАНО НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД УЗ„СЛОГА“.





ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИОТ ПАРК НА УЛ.КИРО КРСТЕВ. НА ТЕРЕН РАБОТЕШЕ ФИРМАТА ЈА-МИ СО ЧИИ МАШИНИ СЕ РАСЧИСТУВА ПОВРШИНАТА. ОВИЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ИСТАТА ФИРМА. ПАРКОТ ЌЕ БИДЕ ИСПОЛНЕТ СО РАЗЛИЧНИ САДНИЦИ КАКО И СОДРЖИНИ ЗА РЕКРЕАЦИЈА И УКРАСНА ФОНТАНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО НОВИ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАДСКИОТ ПАРК "ЉУПЧО ШКАРТОВ". ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДОПОЛНУВАЊЕ НА ВЕЌЕ РЕАЛИЗИРАНИОТ ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОТ. СЕ ПРОБИВААТ ЦЕЛОСНО НОВИ ПАТЕКИ КОИ ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОПЛОЧАТ А СЕ ВРШИ И САНАЦИЈА НА НЕКОЛКУ СТАРИ ПАТЕКИ.



УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ НАСКОРО НАСТАВАТА ПО ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ ЌЕ ЈА ИЗВЕДУВААТ ВО СПОРТСКА САЛА, ЧИЈА ИЗГРАДБА Е ЗАПОЧНАТА. УВИД ВО ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ИЗВРШИЈА МИНИСТРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА, МИЛА ЦАРОВСКА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ДИРЕКТОРКАТА НА УЧИЛИШТЕТО, ИЛИНКА БАКЕВА.



“ПРЕД СЕ САКАМ ДА СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ НА МИНИСТЕРКАТА МИЛА ЦАРОВСКА ЗА ДЕНЕШНАТА ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СТРАШО ПИНЏУР. ОВА УЧИЛИШТЕ СО ГОДИНИ НАНАЗАД СЕ СООЧУВАШЕ СО ОГРОМЕН ПРОБЛЕМ ОД НЕДОСТИГ НА СПОРТСКА САЛА ЗА УЧЕНИЦИТЕ. ИАКО ВРАБОТЕНИТЕ СЕ ОБИДУВАА НА СЕКОЈ НАЧИН ДА НАПРАВАТ ТОЈ НЕДОСИГ ДА НЕ ВЛИЈАЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, СО ДОБРО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЧАСЕВИТЕ ПО ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СЕПАК СПОРТСКАТА САЛА БЕШЕ НЕОПХОДНА. ПО ДОЛГИ ГОДИНИ ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНАА И СЕ РАБОТИ СО ПОЛНА ПАРЕА. ЗА КРАТОК ПЕРИОД ЌЕ СЕ РЕШИ ОВОЈ ГОЛЕМ ПРОБЛЕМ. ОДЛИЧНАТА СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВРОДИ СО ПЛОД И НАЈДОВМЕ НАЧИН ЗА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СТРАШО ПИНЏУР. ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ Е ЕДЕН ОД НАЈВАЖНИТЕ ПРЕДМЕТИ СЕ СО ЦЕЛ ПРАВИЛЕН И ЗДРАВ РАЗВОЈ НА ДЕЦАТА. ВО НАЈСКОРО ВРЕМЕ ЌЕ МОЖЕМЕ ТОА ДА ИМ ГО ОВОЗМОЖИМЕ НА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ. СПОРТСКАТА САЛА Е СО ПОВРШИНА ОД 650 МЕТРИ КВАДРАТНИ ДОПОЛНИТЕЛНО И ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ ЗА СОБЛЕКУВАЛНИ И КАНЦЕЛАРИСКИ ПРОСТОР. ГРАДИМЕ СОВРЕМЕНА И МОДЕРНА СПОРТСКА САЛА КОЈА ЌЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИОТ КАДАР."- ИСТАКНА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СО НОВ ПРОЕКТ ГО ОБНОВУВА ГРАДСКИОТ ПАРК. ВО ОВАА ФАЗА ОД РАБОТИТЕ СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА ОШТЕТУВАЊАТА НА ПОСТОЈНИТЕ ПАТЕКИ, КАКО И НА ОФОРМУВАЊЕ НА НОВИ ПАТЕКИ И СОДРЖИНИ.

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ТЕС ИНЖИНЕРИНГ" ОД СКОПЈЕ ДЕНЕС ГИ ПРЕРЕДУВАШЕ ОШТЕТУВАЊАТА НА ДЕЛ ОД ПАТЕКАТА ПОД СПОМЕН КОСТУРНИЦАТА. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНАТА ЕКИПА РАБОТНИЦИ ГИ ПРЕРЕДУВАА ГРАНИТНИТЕ КОЦКИ. ОСВЕН ОВА СЕ ВРШИ И САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИТЕ И РУШЕНИ ДЕЛОВИ ОД ПАРАПЕТНИТЕ КАМЕНИ ЅИДОВИ. СУШТИНСКИ ДЕЛ ОД ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ НА ОПШТИНАТА Е ЗАДРЖУВАЊЕТО НА ОРГИНАЛНИОТ СТИЛ НА ГРАДБА, КАКО И НА МАТЕРИЈАЛИТЕ, СО ШТО НЕМА ДА СЕ НАРУШИ АВТЕНТИЧНОСТА НА ГРАДСКИОТ ПАРК „ЃУПЧО ШКАРТОВ".



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА И ИЗГРАДБА НА ДВЕ НОВИ ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ НА ВТОРОТО НИВО КАКО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ, СО ШТО ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ ШЕТАЛИШТЕТО ДО КОСТУРНИЦАТА И ОД ЗАПАДНАТА СТРАНА СО ПАНОРАМА НА ГРАДОТ. НОВИТЕ ПАТЕКИ ЌЕ БИДАТ СО ДОЛЖИНА ОД 520 МЕТРИ. ОВОЈ ДЕЛ ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ СО ИЗГРАДБА НА НОВА ЈАВНА ЧЕШМА КОЈА ЌЕ ГО СИМБОЛИЗИРА ВИНОТО.
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ОД БУЏЕТОТ ЌЕ ИНВЕСТИРА 1.151.359 ДЕНАРИ.
ПРЕТХОДНО ВО СКЛОП НА КАМПАЊАТА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ГРАДСКИОТ ПАРК ОПШТИНАТА ИЗВРШИ ЦЕЛОСНО РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПОВРШИНАТА НА ПАРКОТ, КАКО И НА ДОБАР ДЕЛ ОД УНИШТЕНАТА ХОРТИКУЛТУРА, ПРИ ШТО СЕ ИЗВРШИ НЕЈЗИНО ЦЕЛОСНО ОБНОВУВАЊЕ СО НОВИ САДНИЦИ И ТРЕВА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ПРОБИВАЊЕ КРАК ОД УЛ.„ВУКО КАРОВ“ ВО НАСЕЛБАТА „ПАРК“. СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ГРАДИ НОВА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 140 МЕТРИ. ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.



ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ЖИКОЛ“ ОД СТРУМИЦА ДЕНЕС ГИ ИЗВЕДУВА ЗАВРШНИТЕ РАБОТИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.„МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“ БЛИЗУ ЛОКАЛИТЕТОТ „КАЛНИЦА“.

ЌЕ СЕ АСФАЛТИРААТ 400 МЕТРИ ОД УЛИЦАТА СО ШТО ЗАВРШУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА КАПИТАЛНИОТ ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ: „ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ, ГРАНТ ОД СВЕТСКА БАНКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, ЗА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ „МСИП-2-СГ-НЦБ-002-20“.



ПРОЕКТОТ СЕ ОДНЕСУВА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ, ОДДЕЛУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„КЛИНСКА“ И ДЕЛ ОД УЛ.„МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“.

РАБОТИТЕ НА ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ЗАПОЧНАА ВО ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА, А ДЕНЕС СЕ РАБОТЕШЕ НА НЕГОВО ЦЕЛОСНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е СО ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД 11 598 234 ДЕНАРИ КАКО ГРАНТ ОД СВЕТСКА БАНКА И 2 284 677 ДЕНАРИ УЧЕСТВО ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНЕС ЗАОКРУЖИ УШТЕ ЕДЕН КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ СО КОЈ БЕА ОПФАТЕНИ ПОВЕЌЕ УЛИЦИ.
АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ" ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВАТА ТРАСА ОД УЛ. „ДОНЕ ПОПОВ" ВО ДОЛЖИНА ОД 90 МЕТРИ. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ДА ЈА СПОИ УЛ.„ДОНЕ ПОПОВ" СО УЛ.„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ".
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ОПШТИНАТА ПРЕТХОДНО РАБОТЕШЕ НА ПРОБИВАЊЕ, НИВЕЛИРАЊЕ НА ПОДЛОГАТА, КАКО И НА ПОСТАВУВАЊЕ ТАМПОН И РАБНИЦИ. ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА СЛЕДИ АСФАЛТИРАЊЕ.
ПРОЕКТОТ ЗА ПРОБИВАЊЕ И СПОЈУВАЊЕ НА УЛИЦАТА Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ, А ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ВО УЗ„СТРАШО ПИНЦУР".





ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ" ОД КАВАДАРЦИ ЗАВРШИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ВО ВАТАША.
НА КРАК ОД УЛ.„ИЛЧО ДИМОВ" СЕ ПОСТАВИЈА РАБНИЦИ И БЕХАТОН КОЦКИ, СО ШТО СЕ УРБАНИЗРАШЕ УШТЕ ЕДНА УЛИЦА ВО ВАТАША ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ ШЕЕСЕТТИНА МЕТРИ. ПРОЕКТОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА ВАТАША.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ПРИВРШУВА СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАРАТА МРЕЖА ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ. ДОСЕГА СЕ РЕАЛИЗИРАНИ НАД 90% ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ РАБОТИ. ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГО ПОДИГНЕ НИВОТО НА ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ, И ДА ЗАШТЕДИ НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ИЗМИНАТИТЕ ШЕЕСЕТ ДЕНА РАБОТЕШЕ НА ЗАМЕНА НА СТАРИТЕ ЛЕД ЛАМБИ СО НОВИ ЛЕД ЛАМБИ, КАКО И НА МОНТАЖА НА ВИСОКОЕФИКАСНИ ЛЕД ЛАМБИ СО ЈАЧИНА ОД 19 W .

ПРОЕКТОТ ОПФАТИ 30 УЛИЦИ СО 41 ЛОКАЦИЈА, КАДЕ ДОСЕГА СЕ ИЗВРШИ ЗАМЕНА НА ВКУПНО 300 СВЕТИЛКИ. СО ОВА СЕ СОЗДАВААТ УСЛОВИ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ. ПАРАЛЕЛНО СО ОВИЕ АКТИВНОСТИ СЕ ОДВИВАШЕ И ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ОД ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА.

ВО ОПШТИНАТА ВО ТЕК Е ТЕНДЕРСКА ПОСТАПКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ И НАСЕЛБИТА ОКОЛУ ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ЛИНИИ ВО МРЕЖАТА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УРБАНИЗИРА УШТЕ ЕДНА УЛИЦА ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ ГИ ПОСТАВУВАШЕ ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ НА НОВОПРОБИЕНИОТ КРАК ОД УЛ.„ВУКО КАРОВ" ВО НАСЕЛБАТА „ПАРК".
СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ УРБАНИЗИРАШЕ НОВА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 140 МЕТРИ. ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, А ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИМИ ДОНАЦИЈА ОД НЛБ БАНКА ЗА 4 ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ООУ „ДИМКАТА А. ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ, ООУ „ДИМКАТА А. ГАБЕРОТ" С.ВАТАША, ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" И ООУ „ТОШО В. ПЕПЕТО", КАКО ПОДДРШКА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА СО ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ ( ON LINE ). ОД СТРАНА НА НЛБ БАНКА БЕА ДОНИРАНИ 16 ПРЕНОСНИ КОМПЈУТЕРИ МАРКА HP 255 СО ЛИЦЕНЦИРАН ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ WIN PRO 10 64 BIT ЗАЕДНО СО РАНЕЦ NB BACKPAPACK ADDISON ЗА СЕКОЈ ЛАПТОП. КОМПЈУТЕРИТЕ ЌЕ ИМ БИДАТ ДОДЕЛЕНИ НА УЧЕНИЦИ КОИ НЕМААТ МОЖНОСТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВА ОД ДАЛЕЧИНА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ПОДГОТВУВА ПРОСТОРОТ НА БУЛ.ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПАРКИНГ МЕСТА. СО ОВАА ИНТЕРВЕНЦИЈА ЌЕ СЕ ДОБИЈАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ 12 ПАРКИНГ МЕСТА А ПОТОА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ОСТАНАТИОТ ПРОСТОР.



ПОСТАВЕНИ СЕ НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН. ОВОЈ ПРОЕКТ Е РЕАЛИЗИРАН КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ОТПОЧНАТ СО ИЗГРАДБА ПОВЕЌЕ НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА А ЌЕ СЕ РЕКОНСТРУИРААТ И ПОСТОЕЧКИТЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА УЛ. "12 ДРУГАРИ" (ПРЕД ДОМОТ) ВО С.ВАТАША, ВО ДОЛЖИНА ОД 100М. СЕ ЗАМЕНУВА СТАРАТА АЗБЕСТНА ЛИНИЈА СО НОВО ПЕ ЦРЕВО Ф110.



ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ" ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ ВО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ.
СО УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ СКРОМЕН ПРОСТОР, ОПШТИНАТА РЕШИ ЗНАЧАЕН ПРОБЛЕМ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ КОИ ПОВЕЌЕ НЕМА ДА ИМААТ ПРОБЛЕМИ СО НЕПРЕЧЕНИОТ И БЕЗБЕДЕН ПРИСТАП ДО СВОИТЕ ДОМОВИ.
СО ОВАА АКТИВНОСТ ОПШТИНАТА ИНТЕРВЕНИРА ВО ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ КАДЕ СЕ ОСТАНАТИ НЕИЗГРАДЕНИТЕ СПОРЕДНИ ДЕЛОВИ.
КРАЈНАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ВО КАВАДАРЦИ ДА СЕ УРБАНИЗИРААТ СИТЕ НЕДОВРШЕНИ ДЕЛОВИ ОД УЛИЦИТЕ.
ПРОЕКТОТ Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА ВАТАША.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НОВ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ВО НАСОКА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ГРАДСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ДЕЛОТ НАМЕНЕТ ЗА ПЕШАЦИТЕ И ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ. ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИОТ ТРОТОАР НА ДЕЛНИЦА ОД УЛ. „БЛАЖО АЛЕКСОВ“.СЕ ОТСТРАНУВА СТАРАТА БЕТОНСКА ПОДЛОГА ВО ДОЛЖИНА ОД 500 МЕТРИ НА ПОТЕГОТ ОД ПОРАНЕШНАТА ДИСТРИБУЦИЈА ДО СОЦИЈАЛНИТЕ ЗГРАДИ. МЕХАНИЗАЦИЈАТА РАБОТИ НА ПОДГОТОВКА ЗА ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ.

НА НАВЕДЕНАТА ЛОКАЦИЈА ОПШТИНАТА ЌЕ ГРАДИ ПЕШАЧКО ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ НА ТОЈ ДЕЛ ОД УЛИЦАТА ЛОЦИРАН НЕПОСРЕДНО ДО КЕЈОТ ШЕТАЛИШТЕ ЌЕ СЕ ОФОРМИ НОВ УРБАНИЗИРАН ПРОСТОР КОЈ ЌЕ СОЗДАДЕ УСЛОВИ ЗА ПОБЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ И ВЕЛОСИПЕДИСТИТЕ НА ЕДНА ОД НАЈФРЕКФЕНТНИТЕ УЛИЦИ ВО СТАРОТО ГРАДСКО ЈАДРО.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И НА РАБОТЕН СОСТАНОК СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ Г-ДИН ФАТОН АСАНИ. НА СОСТАНОКОТ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА ОДЗЕМЕНИТЕ ВОЗИЛА КОИ СЕ ТРАНСПОРТИРААТ ВО ДЕПОТО НА РЦ ЈУГ. ЗА ЗГОЛЕМЕНИОТ БРОЈ НА ОДАМНА ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА КОИ ВО ПОГОЛЕМ БРОЈ ВЕЌЕ СЕ СТАРО ЖЕЛЕЗО ТРЕБА ДА СЕ НАЈДЕ РЕШЕНИЕ ЗА НИВНО ДИСЛОЦИРАЊЕ. ОВА БЕШЕ ДЕНЕШНАТА ТЕМА НА РАЗГОВОР НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ И ДИРЕКТОРОТ АСАНИ. СЕ СО ЦЕЛ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЧИСТЕЊЕ НА ХАВАРИСАНИТЕ И СТАРИ ВОЗИЛА , СЕ НАОЃА РЕШЕНИЕ ЗА НИВНА ДИСЛОКАЦИЈА ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





СЕ ВРШИ ПРИПРЕМА ЗА ТАМПОНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ ЦРКВАТА И ГРОБИШТАТА ВО С.ВОЗАРЦИ, КОЈ Е ПРЕДВИДЕН ЗА ПАРКИНГ ПРОСТОР. СЕ РАБОТИ СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД КОЖУВЧАНКА КАКО ДОНАЦИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО САНАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ И ПОЛСКИ ПАТИШТА ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ РАБОТИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ НИЗ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СЕ АПЕЛИРА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ДА ДОСТАВАТ БАРАЊЕ ДО ОПШТИНАТА ЗА ДА МОЖАТ СЛУЖБИТЕ ДА ГИ СТАВАТ ВО РАСПОРЕД.



СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ."БРАЌА ЏУНОВИ", КАКО ПРИОРИТЕТНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КОЈА ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА СОГЛАСНО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТКА БАНКА, А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ДОБИ КАКО ГРАНТ.
ПРОЕКТОТ ОПФАЌА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. "БРАЌА ЏУНОВИ" ВО ДОЛЖИНА ОД 572 МЕТРИ И ШИРИНА ОД 9 МЕТРИ.
ВО НАРЕДНИТЕ ФАЗИ ЌЕ СЕ РЕКОНСТРУИРААТ И УЛ."ПИОНЕРСКА" И УЛ."ИЛИНДЕНСКА".



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЗАВРШИ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИОТ ПРОБИЕН ДЕЛ НА „ЗАПАДЕН БУЛЕВАР“ КАЈ СПОЈОТ СО УЛ. „ЃОРЕ БРУШАНСКИ“ ДО „КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ“. СО ТОА ФИНИШИРАШЕ ИЗГРАДБАТА НА УЛИЦА КОЈА Е ЗНАЧАЈНА СООБРАЌАЈНИЦА ВО ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ. ПРЕТХОДНО ОПШТИНАТА ЈА РЕКОНСТРУИРАШЕ СТАРАТА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ВОДОВОД И КААЛИЗАЦИЈА (ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА). НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ПОСТАВИЈА И НОВИ ЛИНИИ, ПО ШТО СЛЕДЕШЕ АСФАЛТИРАЊЕ.
УРБАНИЗАЦИЈАТА СЕ ЗАОКРУЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА ОД СИСТЕМОТ НА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВИСОКИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ЕКОЛОШКИ И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ.





# ДОНАЦИИ

КОМПАНИЈАТА КОЖУВЧАНКА КАКО ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА, ПРОДОЛЖУВА ДА ДОНИРА ВО СПОРТОТ И ПОДОБРУВАЊЕТО НА УСЛОВИТЕ ЗА МЛАДИТЕ СПОРТИСТИ. ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО РЕНОВИРАЊЕ НА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ ВО С.ВОЗАРЦИ ,СЕ СО ЦЕЛ ФУДБАЛСКИОТ КЛУБ ФК ВОЗАРЦИ ДМД ДА ИМА ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ТРЕНИНГ И ДА ПОСТИГНУВА ПОГОЛЕМИ РЕЗУЛТАТИ.



ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЦРВЕН КРСТ ОО КАВАДАРЦИ, ГО ПОТПИШАА ДОГОВОРОТ ЗА ГРАНТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 10 889 000 ДЕНАРИ.

ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЦРВЕН КРСТ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО СВОЈСТВО НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ. УСЛУГАТА ОБЕЗБЕДУВА ПОМОШ ВО ВРШЕЊЕ НА ОСНОВНИ (ЛИЧНА ХИГИЕНА, ОБЛЕКУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ ВО ДОМОТ, ХРАНЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ ТОАЛЕТ, МЕНУВАЊЕ НА ПЕЛЕНИ) И ИНСТРУМЕНТАЛНИ (ПОДДРШКА ПРИ ЧИСТЕЊЕ, ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ПОПРАВКИ, ПЕРЕЊЕ, ГОТВЕЊЕ, КУПУВАЊЕ ПРОДУКТИ, НАДВОРЕШНА МОБИЛНОСТ, ЗЕМАЊЕ МЕДИЦИНСКА ТЕРАПИЈА) АКТИВНОСТИ ОД СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ ДО 80 ЧАСА МЕСЕЧНО, ЗА ЛИЦА СО НАМАЛЕН ФУНКЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ КОИ НЕМОЖАТ САМИ ДА СЕ ГРИЖАТ ЗА СЕБЕ, СО ЦЕЛ ДА ПРОДОЛЖАТ ДА ЖИВЕАТ ВО СОПСТВЕНИОТ ДОМ И ДА ВОДАТ НЕЗАВИСЕН ЖИВОТ ВО ЗАЕДНИЦАТА. УСЛУГАТА ОПФАЌА ДО 100 СТАРИ ЛИЦА, КОИ ЌЕ ЈА ДОБИВААТ УСЛУГАТА СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ. („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР.268/2019).

ТРОШОЦИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА УСЛУГА ВО ВИСИНА ДО 1.673.000 ДЕНАРИ, А ВКУПНО ТРОШОЦИ ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГА ПО ПРОЕКТИРАН БРОЈ НА ПРИМАТЕЛИ НА УСЛУГАТА Т.Е. СОГЛАСНО БРОЈОТ НА НЕГОВАТЕЛИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА 12 МЕСЕЦИ ВО ВИСИНА ОД МАКСИМАЛЕН ИЗНОС ДО 9.216.000 ДЕНАРИ..








# НАСТАН

ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ВАЖЕН СЕГМЕНТ ВО НАШЕТО ГРАДСКО, УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ. БЕЗ СИЛНО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО НЕМА НИ ДЕМОКРАТИЈА, НЕМА НИТУ СИЛНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, НЕМА НИТУ СИЛЕН И ЕВРОПСКИ ГРАД.
ЦЕЛТА НА ОВОЈ НАСТАН БЕШЕ ЗАЕДНИЧКИ ДА ПРОИЗЛЕЗАТ СИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ.

ОД 2018 ДО 2020 ГОДИНА СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОГРАМАТА РИ ЛОАД КОЈА ИМАШЕ 3 ЈАВНИ ПОВИЦИ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА 120 000 ЕВРА. ИСКОРИСТЕНИ БЕА 60% ОД СРЕДСТВАТА ОД 8 НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ. МОРАМЕ ДА ГИ ЗАЈАКНЕМЕ КАПАЦИТЕТИТЕ СЕ СО ЦЕЛ ВАКВИТЕ ПРОГРАМИ ДА МОЖЕМЕ ДА ГИ ИСКОРИСТУВАМЕ 100 %, А ТОА ЌЕ ГО ПОСТИГНЕМЕ ЗАЕДНИЧКИ СО ПОДДРШКА ОД ЛОКАЛНАТА ЗАМОУПРАВА.








# НАСТАН

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ М-Р. МИТКО ЈАНЧЕВ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ РИСТО САКАЛИЕВ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ПЛАТОТО ПРЕД ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА СИМБОЛИЧНО, СО ПУШТАЊЕ ВО ВОЗДУХ НА СИНИ БАЛОНИ, ГО ОДБЕЛЕЖАА 2РИ АПРИЛ СВЕТСКИОТ ДЕН НА СВЕСНОСТА ЗА АУТИЗАМ.



ВО ИЗЈАВАТА ЈАНЧЕВ ИСТАКНА ДЕКА ОПШТИНАТА Е СО ЈАСНА ОПРЕДЕЛБА ВО ЗАШТИТАТА И ПОЧИТУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ, ПОСОЧУВАЈЌИ ДЕКА: „ДЕНЕШНИОТ ДЕН НЕ ПОСТЕТУВА ДЕКА ОКОЛУ НАС ИМА ЛИЦА КОИ НЕ ТРЕБА ДА БИДАТ НАДВОР ОД ВКУПНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ОПШТЕТСТВОТО, НУТА ПАК ДА ГИ ЗАБОРАВИМЕ".








# НАСТАН

ЗАПОЧНА ПОТПИШУВАЊЕТО НА ПРИСТАПНИЦИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ. ПРВАТА ПРИСТАПНИЦА ЗА ЧЛЕНСТВО БЕШЕ ПОТПИШАНА ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕ. НА ДЕНОТ НА ПРОМОЦИЈАТА НА ДРУШТВОТО, 06.05.2021 ГОДИНА БЕА ПОТПИШАНИ ОКОЛУ 150 ПРИСТАПНИЦИ.

ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРААТ ОБУКИ ЗА СИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ДРУШТВОТО СОГЛАСНО НИВНАТА ВОЗРАСТ. КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ПРВИТЕ ОПШТИНИ, ОДНОСНО ВТОРА ОПШТИНА ВО ЗЕМЈАТА КОЈА ИМА ФОРМИРАНО ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО.











Sinalco











Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk